МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 42-а став (2) од Законот за здравјето на растенијата („Службен весник на Република Македонија„ бр.29/05, 81/08, 20/09, 57/10, 17/11 и 148/11), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗАРАДИ НЕИЗДАВАЊЕ НА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПАСОШИ ЗА РАСТЕНИЈА ОДНОСНО ЗАРАДИ НЕДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ОДБИВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПАСОШИ ЗА РАСТЕНИЈА

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето заради неиздавање на овластување за издавање на пасоши за растенија односно заради недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на овластување за издавање на пасоши за растенија во рокот утврден во член 42 став (6) од Законот за здравјето на растенијата.

**Член 2**

(1) Барањето од член 1 на овој павилник се поднесува на образец: „Барање заради неиздавање на овластување за издавање на пасоши за растенија односно заради недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на овластување за издавање на пасоши за растенија ", во формат А-4 во бела боја, кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

(2) Образецот од став 1 на овој член содржи: назив на органот до кој се поднесува барањето, во средишниот дел назив на барањето, назив на правното лице односно име и презиме на физичкото лице- подносител на барањето, седиште на правното лице односно име на физичкото лице-подносител на барањето, краток опис поради што се поднесува барањето, датум и место за потпис на подносителот на барањето.**Член 3**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија„.

Бр. 02-13066

16декември2011 година Министер,

Скопје Љупчо Димовски, с.р.